**Известување за концентрација со која РАУЦХ ФРУЦХТСАФТЕ ГМБХ, Република Австрија ќе стекне контрола над ВИТА РЕС ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ РЕСЕН , Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-109/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 25.07.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која РАУЦХ ФРУЦХТСАФТЕ ГМБХ.,со седиште на ЛАНГГАССЕ 1, 6830 Ранквеил, Република Австрија, има намера да стекне самостојна контрола над Друштво за производство трговија и услуги ВИТА РЕС ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ РЕСЕН, со регистрирано седиште на ул. 29-ти Ноември бр. 1/26, Ресен, **,** Република Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

РАУЦХ ФРУЦХТСАФТЕ е друштво основано во согласност со законите на Република Австрија, со регистрирано седиште на ЛАНГГАССЕ 1, 6830 Ранквеил, Република Австрија, со регистарски број ФН 68604 п и друштво кое е дел од Групацијата на претпријатија РАУЦХ.

Во целина, Групацијата на претпријатија РАУЦХ ФРУЦХТСАФТЕ зазема три стратешки бизнис полиња.
Покрај производството и продажбата на Рауцх брендовите од "Happy Day" до "Bravo", "Nativa" и "Rauch IceTea", Рауцх е етаблиран и во B2B сегментот.
Во рамките на оваа гранка, компанијата Рауцх ја има улогата на производител и продажна компанија за интернационалните купувачи на овошни концентрати и полу-производи.
Третото поле се однесува полнењата по лиценца. Како добавувач на услуги, Рауцх полни за други производители на пијалаци со својата екпертиза и врвни системи и линии за полнење на лименки, ПЕТ (пластика), картонски (пр. Тетра Пак) и стаклени шишиња.
РАУЦХ ФРУЦХТСАФТЕ моментално има контрола над повеќе друштва што може да се утврди од

ВИТА РЕС, директно е активен во сектор за преработка на овошје и производство на производи добиени од обработката на овошјето (овошни концентрати, овошно пире и овошни смрзнати коцки). ВИТА РЕС нема контрола во други друштва.

ВИТА РЕС пласира производи на пазарот во Европа и во Република Северна Македонија. Активностите на ВИТА РЕС во сектор за преработка на овошје и производство на производите добиени од обработката на овошјето и зеленчукот (овошни концентрати, овошно пире и овошни смрзнати коцки) се наоѓаат во Република Северна Македонија.

Вкупен приход на ВИТА РЕС остварен во Северна Македонија е поврзан во главно со продажба на полу-готови производи добиени од обработката на овошјето (овошни концентрати, овошно пире и овошни смрзнати коцки).

Подносителот на известувањето, предлага, како релевантен пазар за оценка на предметната концентрцаиј да се дефинира пазарот за преработка на овошје и производство на полу-готови производи од овошје (овошни концентрати, овошно пире и овошни смрзнати коцки).

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата.*

*Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**30.07.2024 година**
**Скопје**